# Remsima
Infliximab

## Картичка за потсетување на пациентот

Покажете ја оваа картичка на секој лекар кој учествува во Вашето лекување.

Оваа картичка со потсетување за пациентот содржи важни безбедносни информации за кои треба да бидете свесни пред и за време на лекувањето со Remsima.

Име на пациент:
Име на доктор:
Телефонски број на доктор:

Кога ќе добиете нова картичка, Ве молиме да ја чувате оваа картичка како референтна до 4 месеци по примањето на последната доза Remsima.

Ве молиме прочитајте го „Упатството за Употреба“ за Remsima внимателно, пред да почнете да го употребувате лекот.

Датум на почнување на третманот со Remsima:

Сегашна администрација:

Важно е Вие и Вашиот лекар да го забележите заштитеното име и број на серија на лекот.

Заштитето име:
Сериски број:

Побарајте од Вашиот лекар да ги евидентира типот и датумот на последното тестирање(а) за туберкулоза (ТВС) подолу:

| | |
|---|---|
| Тест: | Тест: |
| Дата: | Дата: |
| Резултат: | Резултат: |

Ве молиме, проверете и направете список на сите лекови што ги користите и носете го со Вас при секоја посета на лекар.

Листа со алергии:

Листа со други лекови:

## Инфекции

### Пред третман со Remsima

- Кажете му на Вашиот лекар ако имате инфекција дури ако е многу лесна.
- Многу е важно да му кажете на Вашиот лекар ако сте имале туберкулоза (ТБ), или ако сте биле во близок контакт со некој кој имал ТБ. Побарајте од Вашиот лекар да ги евидентира видот и датумот на последното(ите) испитување на ТБ во картичката.
- Информирајте го Вашиот лекар ако имате хепатитис Б или ако знаете или се сомневате дека сте носител на вирусот на хепатитис Б.

### Во тек на третманот со Remsima

- Веднаш кажете му на Вашиот лекар ако имате знаци на инфекција. Знаците се покачена телесна температура, чувство на умор, (постојана) кашлица, краток здив, намалување на телесната тежина, ноќно потење, дијареја, рани, стоматолошки проблеми, печење при мокрење или знаци налик на грип.

### Бременост и Вакцинации

- Во случај да примате Remsima додека сте бремени, многу е важно да го информирате лекарот на Вашето бебе пред Вашето бебе да прими вакцини. Вашето бебе не треба да прима „жива вакцина“ како што е BCG (се употребува за превенција од туберкулоза) во рок од 6 месеци по раѓањето.

Чувајте ја оваа картичка со Вас 4 месеци по последната доза на Remsima или во случај на бременост, најмалку 6 месеци по раѓањето на Вашето бебе. Несакани ефекти може да се појават долго време по примањето на последната доза на лекот.